Врз основа на член 7 и 18 од Законот за јавно здравје (Сл.Весник на РМ бр.22/10, 136/11, 144/14 149/154 и 37/16) и член 36 став1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.02/05) и член 21 од Статутот на Општина Лозово (Сл.Гласник бр.02/05), Советот на Општина Лозово на седницата одржана на ден 24.12.2021 донесе:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
Примено: 29.12.2021 год.
Орг. един.: 0801 | Број: 2392/1 | Прилог: | Вредност:

# ПРОГРАМА
# ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЛОЗОВО ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ВО 2022 ГОДИНА

## I ВОВЕД

Преку оваа Програма се реализира системот на јавното здравје кој обезбедува услови за зачувување и унапредување на здравјето на населението која преставува мрежа составена од граѓаните, семејствата, здруженијата на работодавачите, работодавачите, синдикатите и вработените, здравсвените установи, образовните, социјалните, културните и други установи, средствата за јавно информирање, хуманитарни, верски, спортски и други организации, здруженија, фондови за здравствено осигурување, единиците на локалната самоиправа, како и државни органи, потпомогнати од ЈЗУ Центар за јавно здравје.

Архивски знак: 0801
Рок на чување: трајно год.
24.12. 2021 год.
Потпис:

## II ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Лозово кон задоволување на потребите и интересите на гражаните од областа на превентивната и примарна здравствена заштита;
- Изнаоѓање форми за промовирање на превентивната заштита и едукација;
- Изнаоѓање форми за едукација од епидемиски и пандемиски заболувања;
- Подобрување на здравјето на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетен здрав живот на децата и младите во локалната заедница;

## III АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Лозово во областа на здравстената заштита ќе бидат насочени кон поттикнување на превенивата, организирање едукативни предавања за заштита на здравјето, прегледи на населението во градот и населените места во функција на рано откривање на одредени заболување, помагање за остварување на целите на оваа Програма.

## IV.ПОСЕБНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

- Откривање на изворите на зараза (заболени или носители)
- Пријавување на заразни болести
- Епидемиолошки истражувања
- Изолација, здравствен надзор, карантин, превози, задолжително лекување
- Имунизација и хемиопрофилакса
- Дезинфекција, дезинсекција и дертизација
- Здравствена едукација

## V.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на здравствената заштита утврдена со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Лозово предвидени за 2022 година. При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Лозово ќе ги поддржи институциите и

Здруженијата на граѓани при релизирањето на проектите од областа на здравството за обезбедување на финанссиски средства и друга помош од:

- Ресорното министерство;
- Бизнис заедницата, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

## VI.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат од посебна ставка во Буџетот на Општина Лозово во износ од 535.000 денари

## VII.ПОДДРЖАНИ АКТИВНОСТИ

| АКТИВНОСТ | Носител | Планирани средства |
|---|---|---|
| Организирање на едукативни трибини со граѓаните за Општина Лозово | Општина Лозово | 10.000 |
| Систематски прегледи на вработени | Општина Лозово | 30.000 |
| Авионско прскање, дезинфекција, дезинсекција и дератизација | Општина Лозово | 180.000 |
| Субвенционирање на деловен простор за вршители на здравствена дејност во здравствен дом во Лозово | | 150.000 |
| **ВКУПНО** | | **370.000** |

## VIII.ПОДДРЖАНИ АКТИВНОСТИ

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Лозово се:

Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината;

Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на преставници на општината ао потенцијални донатори на проекти од областа на здравствена заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностита на Општина Лозово.

## IX.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Лозово.

**Дата:** 24.12.2021год.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЛОЗОВО**
**Најстар член на Советот,**
**Владе Миланов**